# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 28 Ноември 2014 година Скопје Бр.14 Год.IX |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309


*Содржина:*


1. Констатирање престанок на мандат на член на советот на Општина Ѓорче Петров ............ стр. 2
2. Одлука за одобрување на доградба на објектот „Детелинка" на ЈОУДГ„Росица“.................. стр. 4
3. Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Ѓорче Петров во рамките на проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП)................................................. стр. 6
4. Одлука за ослободување од партиципација на децата без родителска грижа ...................... стр. 9
5. Одлука за основање на Совет на млади на Општина Ѓорче Петров ......................................... стр. 11
6. Јавен повик за предлагање на кандидати за членови на Советот на млади на Општина Ѓорче Петров ........................................................................................................ стр. 15
7. Одлука за утврдување на антикорупциска политика - политика за систем на интегритет на Општина Ѓорче Петров, во насока на спречување на појава на мито,корупција и судир на интереси ................................................................................................................ стр. 18
8. Одлука за разрешување на член на Советот на Општина Ѓорче Петров, за учество при склучување на бракови во Матична служба на Град Скопје и Месната канцеларија во Општина Ѓорче Петров ........................................................................................................ стр. 22


Ноември 2014 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров- (Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Ѓорче Петров, Анета Димовска, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и осмата Седница на Советот, одржана на ден 28.11.2014 година.

**Број 08-5002/1**
**од 28.11.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 46 став 1 алинеа 4 и став 2 алинеа 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр.5/02) член 11 став 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 18/2013), член 33 став 1 и 4 од Деловникот за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров и поднесената оставка на функцијата член на Советот на Општина Ѓорче Петров од страна на член на Советот Анета Димовска, број 03-4816/1 од 13.11.2014 година, Советот на Општина Ѓорче Петров, на 28-тата седница одржана на ден 28.11.2014 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за престанок на мандат на член на Советот**
**на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Се констатира престанок на мандатот на членот на Советот на Општина Ѓорче Петров, Анета Димовска, поради поднесување на оставка од функцијата член на Совет.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-4888/3** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 28.11.2014 година** **Преседател,**
**С к о п ј е** **Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за одобрување на доградба на ЈОУДГ„Росица“ – објект „Детелинка“, Општина Ѓорче Петров - Скопје**

Се објавува Одлуката за одобрување на доградба на ЈОУДГ„Росица“ – објект „Детелинка“, Општина Ѓорче Петров - Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и осмата Седница на Советот, одржана на ден 28.11.2014 година.

**Број 08-5002/2**
**од 28.11.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02), член 4, член 8 и член 10 Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности (Службен весник на РМ бр. 47/06, 86/08, 51/2011 и 28/14) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13), Советот на Општина Ѓорче Петров на 28-мата седница одржана на ден 28.11.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За одобрување на доградба на ЈОУДГ„Росица“ – објект „Детелинка“, Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Член 1**

Се одобрува доградба на ЈОУДГ „Росица“ – објект „Детелинка“, Општина Ѓорче Петров, Скопје.

**Член 2**

Доградбата на објектот од член 1 на оваа Одлука опфаќа 50% од дел Б, односно 1 занимална и 1 санитарен чвор со изведба на сите неопходни електрични и машински инсталации, водовод и канализација.

**Член 3**

Средствата за доградбата на објектот од член 1 на оваа Одлука, се обезбедени од одобрениот Грант од Светска Банка во износ од 3.956.822,00 денари.

**Член 3**

Одлуката стапува на сила со денот на донесување, а ќе биде објавена во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07- 4888/4** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 28.11.2014 година** **Претседател,**
**Скопје** **Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Ѓорче Петров во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП)**

Се објавува Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Ѓорче Петров во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП), што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и осмата Седница на Советот, одржана на ден 28.11.2014 година.

**Број 08-5002/3**
**од 28.11.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11)), член 4 од Законот за јавен долг (Сл.весник на Р.М. бр.62/05, 88/08, 35/11, 139/14), член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/02) и ) член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 18/2013), Советот на Општина Ѓорче Петров на седница одржана на 28.11.2014 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За долгорочно домашно задолжување на Општина Ѓорче Петров во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува долгорочно домашно задолжување на Општина Ѓорче Петров, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под - заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, во висина на 79.927.950,оо (седумдесет и девет милиони, деветстотини дваесет и седум илјади, деветстотини и педесет) денари, а со цел финансирање на капиталниот инвестиционен проект:

- Реконструкција на повеќе сервисни и станбени улици (со потребни инсталации) во урбаниот дел на општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Задолжувањето ќе се реализира по пат на домашно долгорочно препозајмување преку Проектот за подобрување на општинските услуги, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, под следниве услови:

- каматна стапка: шест месечен ЕУРИБОР со варијабилен распон;
- рок на отплата: 13 години;
- грејс период: 3 години;
- последниот датум на отплата на заемот нема да биде подоцна од 15.02.2030 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07- 4888/5**
**28.11.2014 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за ослободување од партиципација на децата без родителска грижа**

Се објавува Одлуката за ослободување од партиципација на децата без родителска грижа, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и осмата Седница на Советот, одржана на ден 28.11.2014 година.

**Број 08-5002/4**
**од 28.11.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М.“ бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013), Советот на Општина Ѓорче Петров на 28-мата седница одржана на ден 28.11. 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за ослободување од партиципација на децата**
**без родителска грижа**

**Член 1**

Се ослободуваат од плаќање на партиципација за престојот во Јавната општинска установа - детска градинка „Росица“- Ѓорче Петров Скопје, децата без родители и родителска грижа.

**Член 2**

Се задолжува Јавната општинска установа - детска градинка „Росица“- Ѓорче Петров Скопје, да ја спроведе одлуката.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-4888/6** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 28.11.2014 година** **Претседател,**
**Скопје** **Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за основање на Совет на млади**
**на општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за основање на Совет на млади на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и осмата Седница на Советот, одржана на ден 28.11.2014 година.

**Број 08-5002/5**
**од 28.11.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1, член 62 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/2002), и член 41-6 од Статутотарната одлука за измена на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на седница одржана на ден 28.11.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За основање на Совет на млади на општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува основањето на Советот на млади на Општина Ѓорче Петров (во натамошниот текст Совет на млади), делокругот на работа, постапка за избор на членовите и други прашања од значење за работата на Советот на млади.

**Член 2**

Советот на млади е советодавно тело на Советот на Општина Ѓорче Петров кој се основа со цел активно вклучување на младите во јавниот живот на Општината.

**Член 3**

Советот на млади го сочинуваат пет (5) члена.

Советот на Општината покренува постапка за избор на членови во Советот за млади со јавен повик.

Кандидатите за членови на Советот на млади ги предлагаат: Невладини организиации и Здруженија на млади, ученички совети, студентски совети и други регистрирани облици на организирање на младите.

Врз основа на писмените предлози од предлагачите на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Советот на Општината го избира и го разрешува Советот на млади .

Советот на млади од своите редови избира претседател и заменик, со мандат од 4 години без можност за повторен избор.

Претседателот го застапува и претставува Советот на млади.

Претседателот на Советот на млади ги свикува и раководи со седниците на Советот на млади во општината, се грижи за организацијата и работата на Советот на млади.

**Член 4**

Советот на млади во општината ги врши следните работи:

- го избира и разрешува претседателот на Советот на млади;
- разгледува прашања кои се важни за работата на Советот на млади;
- расправа за прашања за кои се расправа на Советот на општината, а се од интерес за работата на младите;
- донесува Деловник за работа на Советот на млади;
- предлага на Советот на општината Одлуки, Програми и други акти од значење за младите од општината;
- му предлага на Советот на општината да расправа за прашања кои се од значење за унапредување на положбата на младите и решавање на нивните проблеми;
- му дава мислење на Советот на општината за конкретните одлуки кои треба да ги донесе;
- учествува во изготвувањето и го следи споредувањето на локалните акти за млади, донесени од страна на Општината;
- изработува извештаи до надлежните органи за проблемите на младите, а по потреба предлага донесување на програми за отстранување на настанатите проблеми и подобрување на положбата на младите на локално ниво;
- организира работилници, предавања, трибини, кампањи, манифестации и други активности во врска со младинските прашања;
- го информира Советот на општината за своите активности, најмалку еднаш во годината ;
- ја потикнува меѓусебната општинска соработка и размена на искуства со младите од другите општини;
- по потреба повикува преставник на Советот на општината на своите седници;
- врши и други работи од интерес за младите.

**Член 5**

Советот на млади одржува редовни седници најмалку еднаш месечно.

Седниците ги свикува и со нив претседава претседателот на советот.

Претседателот на Советот на млади е должен да свика вонредна седница на предлог на најмалку двајца членови.

Седниците се јавни.

**Член 6**

Советот на млади одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на Советот.

**Член 7**

Начинот на работа на Советот на млади поблиску се утврдува со Деловник за работа на Советот на млади.

Деловникот се усвојува со мнозинство гласови на членовите на советот.

**Член 8**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-4888/7**
**Од 28.11.2014 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Јавен повик за предлагање на кандидати за членови на Советот на млади на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Јавниот повик за предлагање на кандидати за членови на Советот на млади на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров го утврди на Дваесет и осмата Седница на Советот, одржана на ден 28.11.2014 година.

**Број 08-5002/6**
**од 28.11.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 41-г став 2 од Статутотарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (“СлужбенГласник на Општина Ѓорче Петров” бр.13/14), и член 3 од Одлуката за формирање на Совет на млади на Општина Ѓорче Петров (“Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров ” бр.14/2014), Советот на Општина Ѓорче Петров , објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**ЗА ПРЕДЛАГАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

1. Се покренува постапка за избор на членови на Советот на млади на Општина Ѓорче Петров.

Советот на млади на Ѓорче Петров е советодавно тело на Советот на Општина Ѓорче Петров, основано заради подобрување на положбата и решавање на проблемите на младите во Општината.

Во Советот на млади на Општина Ѓорче Петров можат да бидат бирани млади со постојано место на живеење на територијата на општина Ѓорче Петров и со старосна граница од 15 до 30 години.

2. Советот на млади на Општина Ѓорче Петров брои 5 членови.
Советот на млади од своите редови избира претседател и заменик претседател.

Членовите на Советот на млади на Општина Ѓорче Петров се бираат со мандат од четири (4) години.

3. Право на предлагање на кандидати за членови во Советот на млади на Градот имаат: Невладини организации и Здруженија на млади, ученички совети, студентски совети и други регистрирани облици на организирање на младите.

4. При предлагањето на кандидатите се поднесуваат следните документи кои се во прилог на овој јавен повик :
- СМ-1- (Образец-Предлог кандидат за член на Советот на млади на Општина Ѓорче Петров)
- СМ- 2- (Образец – Согласност за прифаќање на кандидатурата за член на Советот)
- СМ-3 – (Образец- Согласност дека кандидатот за член на Советот е предложен согласно актите на институцијата)

Документите мора да бидат потпишани и заверени од страна на овластено лице на институцијата која го предлага членот.

4. Предлагачот е должен покрај наведените документи во точка 4 да приложи и :

- Документација од која е видливо дека кандидатите ги исполнуваат условите од точка 1 од овој јавен повик (Извод од матична книга на родените не постар од 6 месеци или фотокопија од лична карта )
- Кратка биографија на кандидатот
- Фотокопија од регистрација на здружението

Ненавремено доставени документи и нецелосна документација нема да се разгледува.

5. Рокот за поднесување на предлози за кандидат за членови на Советот на млади на Општина Ѓорче Петров е 8 дена од објавувањето на овој Јавен повик.

Потребните обрасци од точка 4 кои се прилог на потребната документација можат да се подигнат во архивата на Општина Ѓорче Петров .

Предлозите за кандидати за членови на Советот на млади на Општина Ѓорче Петров , со назнака "Предлог кандидат за избор на членови на Советот на Млади на општина Ѓорче Петров", се доставуваат на адреса :

Совет на Општина Ѓорче Петров - Комисија за мандатни прашања избори иименувања, Ул. „Ѓорче Петров" бр.73, Скопје.

Јавниот повик ќе биде објавен на огласна табла, на ВЕБ страната и во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-4888/8** **Совет на општина Ѓорче Петров**
**Од 28.11.2014 година** **Претседател**
**Скопје** **Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров- (Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за утврдување на антикорупциска политика - политика за систем на интегритет на Општина Ѓорче Петров, во насока на спречување на појава на мито, корупција и судир на интереси**

Се објавува Одлуката за утврдување на антикорупциска политика - политика за систем на интегритет на Општина Ѓорче Петров, во насока на спречување на појава на мито,корупција и судир на интереси, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и осмата Седница на Советот, одржана на ден 28.11.2014 година.

**Број 08-5002/7**
**од 28.11.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36  став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.  05/02) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13), Советот на Општина Ѓорче Петров на  28-мата седница одржана на ден 28.11.2014 година,  донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на антикорупциска политика - политика за систем на интегритет на Општина Ѓорче Петров, во насока на спречување на појава на мито,корупција и судир на интереси**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдуваат мерките и активностите кои Општина Ѓорче Петров ќе ги превземе заради изградување на систем на интегритет , во насока на спречување на појава на мито, корупција и судир на интереси.

**Член 2**

Општина Ѓорче Петров како мерка за идентификување на ризиците од корупција и преземање на системски приод за нивно адресирање и понатамошна превенција, ќе ја спроведува следнава :

**АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА -**
**ПОЛИТИКА ЗА СИСТЕМ НА ИНТЕГРИТЕТ**

1) Општина Ѓорче Петров не толерира коруптивно однесување, односно искористување на функцијата, јавното овластување, службената должност и положба, за остврување каква било корист за вработениот или за друг. Исто така, Општина Ѓорче Петров не толерира каква било друга форма на неетичко и неморално однесување забрането со закон и спротивно на етичките норми на однесување.

2) Градоначалникот и раководните структури на Општина Ѓорче Петров се одговорни за проценка и отстранување на ризиците за корупција, проневера, крадење, поткуп, судир на интереси, користење на влијанија со цел добивање повластен третман или за каква било друго форма на незаконско и неетичко однесување.

3) Вработените во Општина Ѓорче Петров потпишуваат Изјава со која се обврзуваат дека ќе ја почитуваат политиката за интегритет на Општината.

4) Вработените во Општинската администрација се должни да се однесуваат совесно, професионално и одговорно и да ги почитуваат пропишаните процедури и рокови за постапување, да бидат лојални на својата организација, да избегнуваат судири на интереси и да се грижат  за нејзиниот углед во јавноста, без разлика дали се наоѓаат на работното место или не, и во секое време.

5) Вработените се должни да пријават какво било однесување за кое постои сомнеж за корупција и/или друго недозволиво, незаконито и неетичко однесување, на начин пропишан во процедурите за пријавување и постапување со поднесените пријави.

6) Вработените на кои им бил понуден поткуп или се поттикнувани на незаконски или неетички дејствија треба да го прекинат процесот на комуникација со лицето и за тоа да го известат овластеното лице за пријавување на корупција во Општината, појаснувајќи ги деталите за времето, местото, соговорниците и предметот на разговор.

7) Доколку вработениот не постапи согласно пропишаната процедура, против него ќе биде покрената соодветна постапка.

8) Пријавувањето на коруптивно, недозволиво, незаконито и неетичко однесување на лица кои што се вработени во општината е должност на секој вработен. Тоа не е лично прашање, ниту право на избор, туку е дел од службената должност и одговорност.

9) Вработените кои биле сведоци или имаат основани сомневања за неетичко или незаконско однесување на вработени во општината мораат во писмена форма, телефонски или преку електронска пошта, да го информираат овластеното лице за пријавување на корупција во општината.

10) На вработениот што пријавува коруптивно, недозволиво, незаконито и неетичко однесување му се гарантира доверливост. Пријавителот има право на заштита од последици од извршеното пријавување.

11) Вработениот што ќе постапи со цел искористување на службената должност и положба ќе се гони согласно Кривичниот законик.

12) Однесувањето на вработениот спротивно на етичкиот кодекс, повлекува дисциплинска одговорност.

13) Ништо што е содржано во оваа антикорупциска политика не го ограничува вработениот во поглед на пријавување до надлежните органи на секое сомневање или постоење на докази за незаконско или противправно работење во службата.

14) Вработениот кој пријавил сомневање или докази за незаконско или против правно работење, врз реална и разумна основа, како и со чесни намери, не може да биде повикан на одговорност за извршеното пријавување.

15) За злонамерно или лажно пријавување или давање лажен исказ ќе бидат преземени законски утврдени мерки за одговорност.

16) Во Општина Ѓорче Петров е формирана Комисија за преземање активности за спроведување, следење и координација на воспоставениот систем за интегритет (Работна група за интегритет).

17) По добивање пријава за поткуп, корупција и судир на интереси Работната група за интегритет, врз основа на принципот на доверливост, ќе ги собере сите потребни информации за соодветниот случај и ќе испрати пријава до Државната комисија за спречување на корупцијата во печатена форма или по електронски пат.

18) Работната група за интегритет редовно ќе одржува состаноци со раководителите и ќе спроведува обуки со цел да се појаснат штетните последици од коруптивното однесување. Истовремено ќе работи и на подигање на свеста на вработените за системот на интегритет во општината и негово доследно почитување. На овој начин Општина Ѓорче Петров превентивно ќе се бори против корупцијата.

**Член 3**

Одлуката стапува на сила со денот на донесување, а ќе биде објавена во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-4888/9**
**Од 28.11.2014 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за разрешување на член на Советот на Општина Ѓорче Петров, за учество при склучување на бракови во Матична служба на Град Скопје и Месната канцеларија во Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за разрешување на член на Советот на Општина Ѓорче Петров, Радмила Апостоловска, за учество при склучување на бракови во Матичната служба на Град Скопје и Месната канцеларија во Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и осмата Седница на Советот, одржана на ден 28.11.2014 година.

**Број 08-5002/8**
**од 28.11.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М.“ бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013), Советот на Општина Ѓорче Петров на 28-мата седница одржана на ден 28.11. 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за разрешување на член на Советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови во Матична служба на Град Скопје и Месната канцеларија во Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Со оваа Одлука се разрешува членот на Советот на Општина Ѓорче Петров, Радмила Апостоловска, за учество при склучување на бракови во матична служба на Град Скопје.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-4888/10**
**Од 28.11.2014 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**